Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 81, 1 јуни 2012 година

јуни 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научни области моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област геохемија на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област интегрирана електроника и електронски компоненти на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор во наставно-научната област славистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно - научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Анатомија 1 за студентите по стоматологија“ од проф. д-р Ѓорѓи Шуманов и проф. д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 39

**ИСПРАВКА** на техничка грешка ........ 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СЛАВИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011) и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип („Универзитетски гласник“ број 18), од јануари 2011 г. и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на седницата одржана на 5 март 2012 година, со Одлука бр. 2402-110/11 избра Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Максим Каранфиловски, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- проф. д-р Кита Бицевска, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
- проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член)

за избор на наставник во наставно-стручно звање ***лектор*** од областа ***славистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со Конкурсот, објавен во весникот „Дневник“ на 15 февруари 2012 година, за избор на наставник во наставно-стручно звање – лектор од наставно-научната област славистика на Филолошкиот факултет се пријави м-р Јане Јованов, помлад лектор по руски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Јане Јованов** е роден на 27 декември 1983 година во Валандово, Р. Македонија. Основно и средно образование (гимназија – општа насока) завршува во родното место. На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Катедра по руски јазик и книжевност, се запишува во 2002 година, а дипломира во 2006 година. На истиот факултет се стекнува со звање дипломиран професор по руски јазик и книжевност. Во текот на студирањето посетува настава по руски јазик при Филолошкиот факултет на Државниот институт за руски јазик „А. С. Пушкин“ во Москва, Русија (2004 и 2005 г.), каде што добива соодветен сертификат за учество во наставата.

Своето понатамошно усовршување го продолжува на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Р. Македонија, на постдипломско ниво во учебната 2008/2009 година, каде што магистрира на 27 декември 2011 година.

Од средината на 2007 година се вработува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како помлад лектор по руски јазик.

Во текот на својата работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип учествува на неколку меѓународни конгреси од областа на применетата лингвистика, како и на Светскиот фестивал на рускиот јазик во Санкт-Петербург (ноември 2011 г.).

***Стручна и наставно-научна активност***

Кандидатот м-р Јане Јованов учествува со свои трудови на конгреси од областа на применетата лингвистика во Македонија, Србија и во Хрватска.

Трипати (во периодот од 5 јули 2009 до 24 јули 2009 година; од 6 јули 2010 до 22 јули 2010 година и од 12 јули 2011 до 26 јули 2011 година) раководеше со група студенти од Факултетот за медицински науки и Економскиот факултет во Самара, Русија, како дел од Договорот меѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Медицинскиот универзитет – Самара, Русија, за размена на студенти и искуство. За време на трите престои се здоби со Сертификат за учество и зголемување на компетенциите од страна на Ректоратот на Медицинскиот универзитет во Самара, Русија. Во октомври/ноември 2011 година е прогласен за лауреат на Светскиот фестивал на рускиот јазик во Санкт-Петербург, Русија.

М-р Јане Јованов е заменик-претседател на Дисциплинската комисија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Учество на симпозиуми, конгреси и конференции***

Учество на студентската лингвистичка конференција СТУЛИКОН на Филолошкиот факултет во Белград, Србија, од 6 до 8 мај 2011 година; учество на XV научен собир „Денови на Благоја Корубин“ од 11 до 12 мај 2011 година во Скопје, Македонија; учество на Меѓународниот научен собир „Филолошка истраживања данас“, одржана на Филолошкиот факултет во Белград на 26 и 27 ноември 2010 година, учество на Третиот симпозиум на хрватско-македонските книжевни, јазични и културни врски од 23 до 25 март 2011 година.

***Работа на проекти***

1. 2010 – Мајкрософт ИТ академија, подготовка и превод на наставните материјали што ќе се употребуваат во курсевите организирани од истата Академија (учесник).

***Објавени трудови***

***Список на научни и стручни трудови:***

- Јованов Ј., Сарафова Н. (2010). Ерозијата на човековите вредности и современата состојба на образованието. Педагошки факултет – Скопје, Петти научен собир на тема „Образование за хумано општество“;
- Јованов Ј., Сарафова Н. (2010). Глобалното меѓукултурно образование во детската возраст – актуелен проблем на денешницата. Педагошки факултет – Скопје, Петти научен собир на тема „Образование за хумано општество“;
- Јованов Ј., Кирова С. (2010). Прекрасен нов свет (Алдус Хаксли) – преглед и социофилософска анализа. Интернационална конференција: Факултет за философија: Друштво за применета лингвистика, Белград, Србија;
- Јованов Ј., Сарафова Н. (2010) Влијанието на СМС јазикот врз современиот македонски јазик. Годишен зборник: Филолошки факултет, Штип, Македонија;
- Јованов Ј., Сарафова Н. (2011). Политичката коректност во Македонија и Хрватска од аспект на глобализацијата. Simpozij hrvatsko-makedonske književne, kulturne i jezične veze: Rijeka, R. Hrvatska;
- Јованов Ј. (2011). *Лингвистичкиот релативизам преку прегледот на еуфемизмите и принципите на новоговорот во „1984“.* СТУЛИКОН – Студентска лингвистичка конференција: Филолошки факултет – Београд.
- Јованов Ј. (2011). *Прецедентните феномени како феномени во јазикот, свеста и културата.* Денови на Корубин (16.04.2011) – Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.
- Јованов, Ј., Голаков, К. (2011). *Македонско - руски разговорник.* Штип: Венеција.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на неговото работење како помлад лектор по руски јазик на Универзитетот „Гоце Делчев“ од јули 2007 година, така и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатот м-р Јане Јованов да биде избран во звањето лектор.**

Врз основа на приложената документација, констатиравме дека се работи за кандидат кој сосема ги исполнува критериумите за лектор.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Максим Каранфиловски,**
**редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Кита Бицевска,**
**редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Виолета Димова,**
**вонреден професор, член, с.р.**

## Т А Б Е Л А

**за вреднување на активностите на м-р Јане Јованов, според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Организатор на летна школа | 2 | 2 | 4 |
| Вежби (12+12+6+6) x 0,2 | 36 | 0,2 | 7,2 |
| | | | **11,2** |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 2 | 4 | 8 |
| | | | **8** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во земјата) – Труд 1, 2,4, 7 и 8 | 5 | 2 | 10 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во странство) – Труд 3, 5 и 6 | 3 | 3 | 9 |
| Учество на стручен собир со реферат (усно) | 2 | 1 | 2 |
| Учесник во научен проект | 1 | 5 | 5 |
| Стручни награди и признанија | 1 | 8 | 8 |
| Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| | | | **36** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **55,2** |